# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1970 19 JULY 2024 FREE





FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe


## МИЦКОСКИ: СОСТОЈБАТА СО БУЏЕТОТ Е АЛАРМАНТНА - НЕДОСТИГААТ ПАРИ, ИСТРАЖНИТЕ ОРГАНИ ЌЕ ИМААТ РАБОТА





# ИСТРАГА ЗА АТЕНТАТОТ ВРЗ ТРАМП

Генералниот инспектор на американското Министерство за домашна безбедност отвори истрага за активностите на Тајната служба и планирањето на предизборниот митинг минатава сабота во Пенсилванија, каде 20-годишен Томас Метју Крукс се обиде да го убие поранешниот претседател Доналд Трамп и го застрела во десното уво.

Овој настан покрена сериозна загриженост за тоа како Крукс можел да добие пристап до покрив со директна видливост до местото каде што Трамп зборувал. Американската тајна служба го назначи тој покрив како надвор од нејзината безбедносна зона, фатален превид што агенцијата не требаше да го направи, според двајца поранешни функционери на Тајната служба.

Вооружениот напаѓач пукал од зграда оддалечена 140 метри, а обезбедувањето на собирот тврди дека тоа било надвор од безбедносниот периметар, но поранешниот специјален агент на тајната служба Кенет Валентин тврди дека тоа „не е точно“.

„Таа зграда требаше да биде во заштитената зона. Тоа е огромен превид“, рече тој, нагласувајќи дека „агенцијата морала да ја идентификува таа зграда како безбедносен ризик“. Во престрелката е убиен еден учесник на митингот, двајца се ранети, и атентаторот Крукс е мртов.

## ГОЛЕМА МЕЃУНАРОДНА АКЦИЈА ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА





# Галичка свадба 2024: Стефана и Даријан го изговорија судбоносното „да“



Галичката свадба и оваа година (по 61-ви пат) помина во најдобар ред. Со канење на мртвите започнаа ред по ред сите адети кои ја красат оваа манифестација, правејќи ја единствена по многу нешта.

Традиционално, кумот беше поканет со сите салтанати, а потоа зетот седна на дрвено столче среде село за да го избричат.

Весело беше и кога тргна свадбената поворка по невестата. Уште повесело стана во предворјето на нејзиниот дом. Сватовите ги вкрстија муабетите со ишарети и многу смеа за присутните.

Невестата не излегуваше сè додека не си ги одмерија богатствата, а станува збор за еден симболичен адет. Сватовите од страната на зетот покажуваат колку се имотни и дека ќе ја чуваат убаво. Се вртеше погачката околу богатата трпеза. Потоа, Стефана излезе облечена како мома, а не како невеста, бидејќи се уште не беше станата невеста. Таа ги послужи сватовите и со баци рака ги поздрави. Со наведната глава покриена со шамија се врати во одајата да се преоблече во невестинско руво.

Оттаму со невестата, качена на коњ, а пред неа бајрактарот, поворката тргна кон црквата „Св. Петар и Павле“ каде се изврши светото венчавање. Крунисувањето на љубовта на Стефана Димитрова и Даријан Кочоски се случуваше во присуство на илјадници гости, меѓу кои и претседателката на државава Гордана Сиљановска-Давкова, која е покровител на манифестацијата.

На крај, пред чешмата „Упија“ се заигра невестинското оро, а по него почнаа да се слушаат звуците на „Тешкото“, од која буквално се ежеше кожата.

Со носење на невестата на вода и испраќање на тапаните се заврши уште една Галичка свадба. Нека им е со среќа, да се ќердосат!









AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com






# Досега најголема меѓународна акција за гаснење на пожарите во Македонија



Во тек е најголемата меѓународна акција за гаснење на шумските пожари во Македонија. На 11 локации со пламените јазици, заедно со македонските пожарникари, се справуваат екипи од Турција, Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија и Романија.

Се активираше механизмот за цивилна заштита на ЕУ во справувањето со шумските пожари. Турција испрати два „ер-трактори" и еден хеликоптер "блек хоук", Србија испрати хеликоптер "Ка-32" кој има носивост од 5 тона вода, Хрватска прати "канадер" (исто со капацитет од 5 тона), Романија даде авиони „спартан" (со капацитет од над 5 тони вода) и „херкукес" за поддршка, Словенија два а Црна Гора еден хеликоптер.

Сета таа техника дојде да помогне на македонските три „ер-трактори" и четири хеликоптери (по два од АРМ и МВР). Ангажирани се човечки ресурси на Армијата, на МВР, на „Национални шуми" и на општините кои гравитираат кон пожарите.

Еден по еден се гаснат најопасните пожари, почнувајќи од 100-те хектари над Баирот во Битола и пожарот долг 30 км на планината Серта. Романците гаснат под Солунска Глава, Турците и Хрватите кај Битола...

Црвениот крст е на терен за логистичка поддршка на екипите при справувањето со пожарите.

## За ден-два ќе стивнат пожарите

Премиерот Христијан Мицкоски најави дека за ден-два ќе се изгаснат пожарите, па граѓаните да бидат спокојни.

Најкритично е на планината Серта. Таму пожари дивеат на шест точки, а надлежните веќе осум дена се бореа со пламените јазици. Евакуирани беа и жители од селата каде имаше опасност пожарот да се прошири.

Предизвик е и пожарот во општина Ново Село, во непосредна близина на границата со Бугарија, на планината Огражден.

Владата прогласи 30-дневна кризна состојба, со цел законски да може да се користат човечките потенцијали на Армијата и МВР. Има целосна забрана за движење во шумите. Кој ќе се фати да шета во шума треба да биде спремен да плати казна од 1.500 до 2.000 евра.

## Густиот чад и неексплодирана муниција од Криволак сериозно ја отежнуваат операцијата

Директорот на ЦУК, Стојанче Ангелов ги истакнува предизвиците со кои се соочуваат во борбата против пожарот на планината Серта, наведувајќи го густиот чад што ги попречува воздушните операции (воздухопловите не можат прецизно да извршат налет) и присуството на неексплодирана муниција на полигонот Криволак што ги комплицира копнените напори. И покрај овие препреки, екипите за итни случаи упорно се обидуваат да го локализираат пожарот и да ги заштитат околните области.

Според директорот Ангелов сите пожари се предизвикани од човечки фактор - карактеристично е што почнуваат во близина на населени места и најчесто се од палење на стрништа, меѓи или смет.




# Птичји грип на Антарктикот



Смртоносен сој на птичји грип напредува на *Антарктикот*, научниците велат само е прашање на време кога овој грип ќе стигне во *Австралија*.

Смртоносниот сој на птичји грип првпат е пронајден меѓу пингвините од видот генто, соопшти *Научниот одбор за истражување на Антарктикот (SCAR)*, изразувајќи загриженост дека вирусот би можел да се пошири меѓу големите колонии на пингвини на *Антарктикот*.

Научниците го истражуваат ширењето на високопатогениот сој на птичји грип (HPAIV H5) меѓу дивите животни на *Антарктикот* и откриле дека вирусот се проширил меѓу нив. Меѓународен тим на научници што престојува на јужниот континент и го истражувал присуството и влијанието на птичјиот грип врз дивите видови, откриле присуство на грип во областа *Ведел* во *Северното Море.* HPAIV H5 првично бил откриен во *Јужна Америка* на крајот на 2022 година, а во февруари годинава е пронајден на *Антарктикот*. Птичји видови на кои овој вирус најмногу влијаел биле птиците од видот скуа, а научниците се загрижени дека високата смртност може да има долгорочни последици за нивниот опстанок.

Од 2020 година до сега, невиденото ширење на птичјиот грип предизвика значителна смртност на дивите птици и цицачи на глобално ниво.

Научниците се загрижени поради влијанието на птичјиот грип врз популациите на дивите животни на *Антарктикот*, особено за оние видови кои се наоѓаат близу границата на критично загрозените видови. Лидерката на експедицијата на Универзитетот Федерација, **Меган Девар**, вели, следењето на *Антарктикот* би можело да помогне при следење на влијанието на вирусот HPAIV H5 во наредниот период. Опасниот сој на птичји грип веќе ги опустоши сите континенти освен *Австралија* и остатокот од *Океанија*. Погодени се милиони диви птици ширум светот, околу 650.000 диви птици угинаа само во *Јужна Америка.*

Д-р **Мишел Вили**, научник од Институтот *Доерти*, изјави само е прашање на време кога овој вирус ќе се рашири низ *Австралија*, а експертите предвидуваат дека најголемиот ризик од пристигнување на вирусот е меѓу август и ноември кога милиони птици мигрираат од северна *Азија*.

*„Пингвините на Антарктикот, пеликаните во Перу, морските лавови во Јужна Америка и кравите во САД се погодени од високопатоген сој на птичји грип, познат како HPAI H5N1, кој многу брзо се шири. Пронајден е кај пингвини, слонови фоки и антарктички птици рибарки. Вирусот го загрозува опстанокот на цели видови. Некои популации на птици, па дури и цели видови, можеби никогаш нема да се опоpraват*" - рече д-р **Вајл** и додава кога ќе пристигне вирусот, црните лебеди ќе бидат особено изложени на ризик.

*„Оваа пролет внимавајте на болни или мртви диви птици или морски цицачи и таквите случаи пријавете ги, следењето може да помогне во борбата против овој вирус*" - вели таа.



## СЕ НАЈАВУВА РЕГУЛИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПРОФЕСИИ:

# Австралија ги заострува законите против перење пари




Адвокати, сметководители, агенти за недвижнини и советници во финансиската индустрија ќе бидат во фокусот на реформите на австралиските закони за спречување на перење пари и финансирање тероризам.

*Ентитетите на таканаречената „транша два" кои потенцијално се поврзани со криминални синдикати, предолго време се оставени без надзор*" - рече државниот обвинител **Марк Драјфус**.

*Реформите доаѓаат како дел од две нови национални проценки на ризик, чија цел е да се усогласи Австралија со глобалните стандарди*, рече **Драјфус**. Проценките на Работната група за финансиска акција, глобална организација за борба против перење пари и финансирање тероризам, претходно и дадоа лоши оценки на *Австралија*.

*„Австралија беше еден од основачите на Работната група за финансиска акција во 1989 година, но сега е една од неколкуте земји кои се оценети како неусогласени поради нашиот неуспех да ги регулираме споменатите ентитети (кои можат да бидат посредници за криминалните групи кои перат пари)*" - рече тој.

*Проценките на ризикот покажаа дека криминалците перели средства користејќи воспоставени и легални канали како што се готовина, луксузни стоки, недвижности, домашни банки, казина и дознаки*, рече тој.

*Австралија* е дел од мала група јурисдикции вклучувајќи ги *Кина, Хаити, Мадагаскар* и *САД* кои не ја регулираат советничката професија како дел од борбата против перење пари и финансирање тероризам.




# Две третини од идните средношколци запишани во стручните училишта



Се случи целосна трансформација на интересот за образование - годинава 73.8% од завршените основци се запишале во средното стручно училиште а само 26.2% во гимназија.

- Во двете пријавувања вкупно се запишаа 15.481 ученици, од кои 11.428 ученици во стручно и 4.652 во гимназиско образование, рекоа од Министерството за образование и наука (МОН).

Поголем дел од родителите и средношколците запишани во стручните училишта веќе се со планови, по добиената диплома за машински електро-техничар, келнер, готвач, медицинска сестра, забен или фармацевтски техничар, физиотерапевт да заминат во странство.

Инаку според Агенцијата за вработување најбарани занимања во државата се хигиеничар, продавач, општ работник, келнер, готвач, програмер, возач на камион, касиер и други. Најголем број на отворени и слободни работни места има во Скопје. Во главниот град се бараат 6.370 работници од сите струки, а потоа следува Тетово со 605. А во Пробиштип има слободно работно место само за еден работник. Реалниот и државниот сектор имаат потреба од вработување на 9.682 лица од речиси сите струки и степени и на образование.


Reg. No. A0042461G AHAM BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

**АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА**



**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430,
0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719,
Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

**Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса**


# ВО АЛБАНИЈА ИМА НАД 100.000 МАКЕДОНЦИ, ТОЧНАТА БРОЈКА ЌЕ ЈА ЗНАЕМЕ КОГА ЌЕ ИМА ВИСТИНСКИ ПОПИС



Кога ќе имаме вистински попис ќе дознаеме колкава е реалната бројка, но македонската заедница е над 100 илјади на целата територија на Република Албанија, изјави лидерот на Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) Васил Стерјовски за албанската МЦН.

Додаде дека македонската заедница официјално живее во областите Гора, Голо Брдо, Преспа, Врбник, областа на Девол долж албанско-македонската граница, но процесот на миграција голем број од нив ги однел во други градови во Албанија.

– Од сите области каде што главно сме концентрирани, особено во текот на последните 30 години, се имаме иселено во внатрешноста на Албанија. Денеска имаме припадници на македонската заедница во секој поголем албански град. Сакам да нагласам дека, за жал, и денес продолжува комунистичката политика и се признаваат Македонци само во областа на Преспа, општина Пустец а не се признаваат Македонци во областа Гора и Голо Брдо и врз нив изминатите години е вршен притисок да не ја декларираат својата македонска припадност – рече Стерјовски.

Посочи дека албанските власти не само што не презеле никакви мерки, туку им помогнале на бугарските власти да манипулираат со пописот и бројот на македонското малцинство.

# Состојбата со Буџетот е алармантна - недостигаат пари, истражните органи ќе имаат многу работа

Премиерот Христијан Мицкоски вели дека состојбата со Буџетот е алармантна и дека недостигаат пари за што истражните органи ќе имаат многу работа во следниот период. Пари за ветеното зголемување на пензиите тврди дека ќе има.

Во централниот дневник на телевизија „Сител", Мицкоски рече дека вработените во „Национални шуми" немаат земено плата четири месеци, а во „Водовод" три месеци. Исто така недостигаат и три милијарди и 700 илјади денари (A$100 милиони) за земјоделците.

– Направиле Буџет за шест месеци како да знаеле дека нема да бидат повеќе на власт па се труделе што повеќе проблеми да ѝ остават на новата Влада така што милијарди и милијарди денари останале непокриени. Има законски обврски кои морале да ги направат, не ги предвиделе во Буџетот итн. но мислам дека периодот што следи истражните органи ќе имаат многу работа – рече Мицкоски.

Милијарда и двесте илјади денари, според Мицкоски, треба да се платат и по основ на казни поради тоа што некои од министрите ги прераспределувале вработените во институциите надвор од законот.

## Касата на „Бехтел и Енка" секој месец си отчукува 3 милиони евра казни

Во однос на изградбата на автопатските делници за што претходната влада потпиша договор со „Бехтел и Енка", Мицкоски рече дека реализацијата е околу четири до пет милијарди денари и дека не се решени имотно-правните односи иако државата се обврзала дека тоа ќе го заврши до средината на минатата година.

– Државата презела обврска дека ќе треба да го отвори теренот за работа за компанијата изведувач до средината на минатата година. Од средината на минатата година до сега тоа што треба ние како пенали да го платиме кон изведувачот, доколку одлучи да го фактурира, е околу 36 милиони евра односно три милиони евра месечно треба да плаќаме – рече Мицкоски.

## Владата го утврди ребалансот на Буџетот - над A$9.5 милијарди

На седница на Владата утврден е ребалансот на Буџетот во кој, според направените пресметки, сега недостигаат 520 милиони евра. Со ребалансот Буџетот за годинава ќе „тежи" скоро 5.9 милијарди евра (над A$9.5 милијарди).

Министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска нагласи дека има многу доспеани обврски кои не биле пријавувани во претходната гарнитура, а во иднина односот кон народните пари ќе биде домаќински.

На приходната страна се очекуваат близу 5.2 милијарди евра односно плус 133 милиони евра од претходно предвиденото. Расходите, пак, се планирани на речиси 5.9 милијарди евра или 311 милиони евра повеќе од претходно предвиденото.

Очекувањата за растот на БДП се сведени на 2.1% (подолу од планираните 3.4%), инфлацијата е предвидена на ниво од 3.5% додека растот на нето платата ќе биде 13%.


A WORLD OF NATURAL STONE
JOHN STONEMART
MEMORIALS YOUR MEMORIES SHOULD LAST FOREVER


НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ од $4,250
ПРИВРЕМЕНА КУТИЈА ЗА СВЕЌИ $150

Метална кутија со пластична врата
(Ќе дадеме подобра цена од секоја претходна дадена во пишан договор. Под извесни услови.)*
» ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ
» ДОМАШЕН И УВОЗЕН КАМЕН
» ВРВЕН СВЕТСКИ КВАЛИТЕТ
310 MAHONEYS ROAD, THOMASTOWN 1300 696 896
UNIT 3/177 ARTHUR ST., ROOKWOOD, NSW 9746 6966
STORE LOCATION IN VIC: THOMASTOWN 9359-0898 | SPRINGVALE SUPASTORE 9548-4199 | DANDENONG 9706-8108
DANDENONG SOUTH 9706 4486 | SPRINGVALE 9540-8807 | NUNAWADING 9890-1118 | FOOTSCRAY 9689-8882
STORE LOCATION IN NSW: ROOKWOOD (02) 9746 6966 | MATRAVILLE (02) 8608 2436 www.johnstonemartmemorials.com.au

## СКОПЈЕ: БИЗНИСМЕНОТ ЧЕДОМИР РАДОМИРОВИЌ ОД „РАДОБАНКА“ ПРОНАЈДЕН ЗАСТРЕЛАН ВО ГЛАВАТА

Познатиот бизнисмен Чедомир Радомировиќ починал како последица од тешките повреди здобиени од огнено оружје. Бил пронајден во близина на скопското село Орман, покрај паркиран автомобил. Екипата на Итната медицинска помош го затекнала застрелан со раскрварена глава, а покрај него имало пиштол и чаура. И покрај брзата интервенција, на пат до скопските клиники Радомировиќ им подлегнал на повредите.

Од полицијата велат дека е поведена истражна постапка и не соопштуваат дали станува збор за убиство или самоубиство. Најавуват дека повеќе информации може да се очекуваат во текот на утрешниот ден.

Радомировиќ беше близок до поранешните високи партиски структури на ВМРО ДПМНЕ, особено до тогашниот партиски секретар Борис Змејковски. Беше еден од ретките бизнисмени кои во опозициските денови на оваа партија во 90 години од минатиот век финансиски ја потпомагаше.

Основач беше на Радо Банка, која пропадна во 2005 година откако Народната банка на Македонија констатира дека е неликвидна и не може да ги извршува налозите за плаќање.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

### МИЦКОСКИ:

## Сега земаме 500 милиони евра зашто ни се итни, по Нова година пак ќе зајмиме од Унгарија



Половина од 500-те милиони евра кои македонската Влада ги договори со Унгарија ќе бидат за општините, а половина за бизнисот, појасни премиерот Христијан Мицкоски. Заемот е со 3,25% камата и со три години грејс период плус 12 години рок на отплата.

Како што објасни, општините нема да добијат пари за да си покриваат долгови туку ќе ги користат строго наменски - за конкретни проекти кои би им го подобриле животот на граѓаните. А фирмите ќе добијат помош поради актуелните лоши пазарни услови, но за сметка на тоа ќе треба и тие да вложат уште 250 милиони евра во инвестиции, да обезбедат најмалку 5.000 нововработени годишно и раст на производството од 5% над стапката на инфлација.

Според него, избрзани се реакциите на некои од политичарите дека ветил една милијарда евра, а донел 500 милиони. Соработката со Унгарија не е ограничена, рамката е отворена, а во моментов се потребни 500 милиони и затоа се само толку обезбедени.

- Од ова ништо што ни го оставија претходниците, сакаме да направиме нешто, е тоа го правиме ние сега, се мачиме да обезбедиме повеќе. Веднаш избрзаа со критика, „вети милијарда, донесе 500“. Сега се 500 милиони. Имаме обврзница што ја земаа под ултра лоши услови, а таа доспева на 25 јануари. Зошто сега да земеме 500 милиони па граѓаните да плаќаат камата, кога можеме во јануари. Отворена ни е рамката. Зошто сега да плаќаме 10–15 милиони евра, зошто да ги трошиме тие пари? Мора да имате концепт, со пари сите знаат, но идејата е од ништо да направите нешто. Поентата е од ова ништо што ни го оставија, да направиме нешто, е тоа го правиме ние сега, се мачиме да обезбедиме повеќе, истакна премиерот.

## ПРОБЛЕМИ СО ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ПОТЕКЛО:

# Катастрофално лоша евиденција во клиниките за вештачко оплодување



Наредба за чистење примероци на замрзната сперма добија сите клиники за вештачко оплодување во *Квинсленд*, откога инспекторите утврдија дека речиси половина од примероците не се адекватно архивирани и постои опасност од погрешна идентификација.

*Квинсленд* е дом на една од најголемите индустрии за вонтелесно оплодување (*ИВФ*) во *Австралија*, но се најде под лупа на здравствените власти бидејќи некои од нивните најголеми добавувачи на примероци се соочуваат со обвинувања за злоупотреба. Секоја шеста австралиска двојка се соочува со тешкотии во обидот да станат родители, покажуваат владините податоци, а многумина се повеќе се потпираат на донатори за добивање потомство. Истрагата на мултимилијардерскиот сектор за вештачко оплодување во *Квинсленд* која ја спроведе здравствениот правобранител на државата оваа недела откри „системски пропусти" поврзани со *„квалитетот и безбедноста"* и *„заштитата на корисниците, донаторите и децата зачнати од дониран материјал"*.

Извештајот детално навел како 42 отсто од примероци на донирана сперма, примероци на јајце клетки и ембриони во *Квинсленд* имале проблеми со *„идентификација и потекло"*, што значи клиниките загубиле трага или погрешно ги означиле примероците или дозволиле нивната состојба да се влоши под лабораториските стандарди.

Исто така наведени се и сведоштва на пациенти кои ги обвиниле клиниките за вонтелесно оплодување дека не ја утврдиле здравствената состојба на донаторот, погрешно ги идентификувале јајце клетките и ембрионите и мешале сперма, така што едно семејство има деца од различни биолошки татковци.

Ваквото мешање на материјали може на родителите и децата добиени од дониран материјал да не им ги даде клучните генетски информации во медицинските досиеја, а многумина предупредуваат и на опасност од случаен инцест. Надзорното тело им препорача на сите даватели на *ИВФ* услуги да го уништат складираниот донаторски материјал кој во моментов не ги исполнува стандардите за идентификација.

Ова чистење на залихите значително ќе го зголеми националниот недостиг на донирана сперма кој е предизвикан од големата побарувачка, заострувањето на прописите и пореметувања предизвикани од пандемијата.

*„Влијанието врз родителите и децата кои се зачнати од дониран материјал, не може да се потцени"* - се заклучува во извештајот, додавајќи: *„давателите на услуги би требало да спроведат соодветни консултации со пациентите"*.

Не е јасно колку примероци на сперма би можело да бидат уништени, но омбудсманот наведе „илјадници" замрзнати пред 2020 година кои се „високо ризични" бидејќи *„не е почитувана мерката за двојно сведочење"* практиката, во која двајца експерти за *ИВФ* ја проверуваат исправноста на материјалот на пациентот. **Анастасија Ган**, мајка која тужи клиника во *Квинсленд* за наводно давање погрешна сперма во 2014 година, е *„згрозена (но) не и изненадена"* од наодите на омбудсманот.

*„Страшно е да се помисли колку пациенти можеби несвесно забремениле со погрешна сперма. Зошто клиниките не провериле два пати кога правеле луѓе? Последиците од овие грешки траат со генерации"* - истакна оштетената жена.

# Скопјанец издрогирал четворица тинејџери кои го нападнале и го тепале – тој викнал полиција

На 12 јули во *СВР Скопје* било пријавено дека во двор од куќа во скопската населба *Козле*, сопственост на **Д.Ѓ.**(40), тој бил физички нападнат со тврд предмет од малолетник. Веднаш по добиената пријава, полициски службеници од *СВР Скопје* излегле на местото на настанот, при што затекнале четири малолетни лица, од кои две биле во безсознание и истите консумирале алкохол и психотропни супстанци, а на местото на настанот биле пронајдени и остатоци од работи кои ги консумирале, за кои дополнително ќе се врши вештачење за да се утврди нивната содржина. Малолетните лица со возило на Итна медицинска помош биле пренесени во Клиниката за токсикологија при Комплексот клиники *„Мајка Тереза"* за укажување на лекарска помош. Известен бил јавен обвинител, кој излегол на самото место. Полицајци го лишиле од слобода **Д.Ѓ.** кому судија на претходна постапка му одреди притвор од 30 дена зашто им давал психотропни супстанци на четворицата малолетници. Состојбата создадена по консумирање алкохол и лекови предизвикала губење на контролата кај малолетниците, при што ја искршиле покуќнината и добиле телесни повреди. Децата кои се лекуваа на Клиниката за токсикологија веќе се пуштени дома. За кривичните дела поради кои е приведен 40-годишниот скопјанец ризикува затворска казна од 16 години.

# Катица Јанева ќе остане без привилегијата секојдневно да излегува од затворот - не ја нашле на работа!?



На осудената **Катица Јанева** може да и се укине привилегијата од понеделник до петок да излегува од затворот во *Идризово* и да оди на работа во адвокатската канцеларија на нејзиниот син во *Скопје*. Имено контрола на Управата за извршување на санкциите не ја нашле на работното место, односно воопшто не била во канцрларијата туку некаде си шетала.

Директорот на затворот, **Зоран Јовановски**, вели дека сѐ уште Управата не испратила известување за тоа.

*- За предметното осудено лице сѐ уште немаме добиено некакво известување од Управата за извршување на санкциите. Кај нас и натаму се води дека е „во фирма", односно на работа и уште не е вратена,* одговорил на прашање од порталот *СДК.мк* директорот на *КПУ „Идризово"*, **Зоран Јовановски**. **Јанева** по истекот на работното време, секој ден се враќа во затворот. Во случајот *„Рекет"* таа е осудена на 7 години затвор за злоупотреба на службената положба и овластувањата, како Специјална обвинителка на *Македонија*. Со неа беше осуден и **Бојан Јовановски**, на 9 години затвор, но тој е пуштен од затвор на домашно лекување.

# "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



## УАПСЕН БРАЧЕН ПАР ВО БРИЗБЕЈН:

# Обвинети дека шпионирале за Русија



Кира и Игор Королев



Генералниот директор на австралиската безбедносна разузнавачка организација Мајк Бурџес, лево, и комесарот на австралиската федерална полиција Рис Кершоу зборуваат за акцијата

### *Австралиската полиција во Бризбејн уапси брачен пар под сомнение за шпионажа во корист на Русија*

Судот во *Бризбејн* објави дека руски брачен пар е приведен под обвинение дека шпионирале за *Русија*.

**Кира** и **Игор Королев** се првите однесени на суд за шпионажа врз основа на законот воведен во 2018 година.

**Кира Королев** не се појави на суд, а адвокатот **Дилан Кер**, кој го застапуваше комесарот на австралиската федерална полиција, поднесе итна апликација за суспендирање на пет имиња поврзани со случајот во интерес на националната безбедност.

Судијата **Рос Мек** ја одреди суспензијата и го одложи случајот за 20 септември.

Адвокатот на **Королев** пред судот изјави дека нема барање за кауција за неговиот клиент. Австралиската обвинителка **Рејчел Тејлор** рече дека обвинението е „сериозно" и побара случајот да се одложи.

Таа рече дека налогот за претрес бил извршен во четврток. **Кира** (40) и **Игор Королев** (62) се родени во *Русија* и се уапсени и обвинети за шпионажа, односно за кражба на чувствителен материјал од австралиските одбранбени сили за разузнавачките служби на *Кремљ*. **Кира** е припадник на австралиската армија и работела како *„техничар за информациски системи"*, а нејзиниот сопруг е работник и тие дошле во *Австралија* пред 10 години. **Кира Королев** добила австралиско државјанство во 2016 година, а **Игор** во 2020 година.

Судските документи поднесени на сослушувањето на **Кира Королев** откриваат дека таа е обвинета за незаконски пристап до одбранбените компјутерски системи, копирање и ширење информации и одржување односи со разузнавачките служби на *Руската Федерација* помеѓу 6 декември 2022 година и 11 јули 2024 година.

Полицијата тврди дека жената непријавено патувала во *Русија* за време на долгорочно отсуство од армијата од 2023 година и дека му наложила на нејзиниот сопруг во *Австралија* да се најави на нејзината официјална работна сметка користејќи ги нејзините ингеренции за да пристапи кон конкретни податоци, поврзани со националната безбедност и информациите да ги испратите директно до неа преку приватна е-пошта.

*Австралија* е значаен воен и разузнавачки партнер на *САД*, заедно со *Канада*, *Нов Зеланд* и *Обединетото Кралство*, што ја сочинуваат таканаречената алијанса *"Пет очи"*.

Односите меѓу *Москва* и *Канбера* се затегнати со војната во *Украина*, а *Русија* ја вклучи *Австралија* во својата листа на „непријателски" земји откако беше погодена со санкции. Во 2023 година, *Русија* ја обвини *Австралија* за „русофобна хистерија" откако владата го откажа, поради безбедносни причини, закупот на земјиште каде *Русија* сакаше да ја изгради својата нова амбасада. *Австралија* постојано испорачува одбранбена опрема за *Украина*, а неодамна најави нов пакет воена помош во вредност од речиси 250 милиони австралиски долари на Самитот на *НАТО* во *Вашингтон*.

# Нов Зеланд за пет години ја преполови стапката на пушење



Панел од меѓународни експерти предводени од експертот за јавно здравје **Мервом Гловер** го објави сеопфатниот извештај за *Нов Зеланд*, земја што го усвои шведскиот модел и ја преполови стапката на пушење за само пет години. *Нов Зеланд* сега е на добар пат да стане една од ретките земји без чад со преваленца на пушење помала од пет проценти. Во 2018 година, стапката на пушење во *Нов Зеланд* беше 13,3 отсто, додека во 2023 година, благодарение на производите без чад, официјално одобрени од тамошната влада како алатка за возрасни пушачи да се откажат од пушењето, падна на 6,8 отсто. Главниот автор на извештајот, **Гловер**, истакна дека искуството на *Нов Зеланд* покажува дека со пристап до побезбедни алтернативи, луѓето можат да престанат да пушат, и тоа во голем број. Овој успех е поттикнат од комбинација на владини иницијативи и поддршка од заедницата наместо со идеолошки војни против никотинот.

*– Брзиот пад на стапката на пушење во Нов Зеланд докажува дека овој модел одлично функционира. Воодушевени сме што гледаме такви неверојатни резултати и ќе продолжиме да го застапуваме овој пристап, покажувајќи дека стратегиите за намалување на штетите можат да функционираат секаде* – додаде д-р **Делон Хуман** од глобалната мрежа на научници *„Хелт дипломатикс"*.







## СООПШТЕНИЕ

Федерацијата на пензионерите од западниот дел на *Мелбурн* и *Викторија* ве покануваат да земете учество во прославата на големиот македонски празник *Илинден* што ќе се одржи во недела, на 4 август во *Фераро рецепција*, на адреса 14 *Onslow Ave*, во *Campbellfield* со почеток во 12.00 часот. За повеќе информации и карти јавете се кај претседателот на Федерацијата **Илија Јошевски-Мечето** на тел. **0418 396 256** или на **9367 3091**.

# На брегот на Нов Зеланд пронајден редок кит



Примерок од исклучително редок вид кит заринка на брегот на *Нов Зеланд*, а официјалните лица велат дека ништо не се знае за овој вид. Китот долг пет метри, е пронајден на плажа во близина на *Данедин* на *Јужниот Остров*, соопшти менаџерот за операции на *Одделот за заштита на природата (DoC)*, **Гејб Дејвис**.

*„Се чини дека суштеството било мажјак, клунест кит – вид толку редок што речиси ништо не се знае за него"*, се вели во соопштението.

*„Доколку се потврди, ова ќе биде многу значајно научно откритие"*, рече претставникот на *DoC*, **Гејб Дејвис**.

*„Клунестите китови се еден од најмалку познатите видови на големи цицачи. Од 1800 година, само шест примероци се документирани во светот, а сите освен еден беа во близина на Нов Зеланд. Од научна гледна точка и конзерваторска, ова е огромно"*, рече **Дејвис**, шеф на операциите на *DoC* во регионот *Отаго*. *DoC* моментно планира како да ги зачува остатоците од китот.

*„Овој примерок ја нуди првата можност досега да се сецира клунест кит"*, изјавија тие.

*DoC* ги испрати генетските примероци на Универзитетот во *Окленд*, каде што се наоѓа архивата за ткиво на китови на *Нов Зеланд*. Можеби ќе бидат потребни неколку недели или месеци додека не се обработи ДНК и не се потврди конечната идентификација на видот, се додава во соопштението.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### „ЊУЈОРК ПОСТ“:

# На Трамп било пукано од зграда која во исто време имало полициски снајперисти



Локален полициски снајперски тим бил распореден во зградата од чиј покрив атентаторот, **Томас Метју Крукс**, пукал и го рани поранешниот американски претседател и актуелен претседателски кандидат **Доналд Трамп** за време на предизборен митинг, објави *Њујорк пост*, цитирајќи извори од органите на редот.

Зградата во *Батлер, Пенсилванија*, во која се наоѓаше фабрика за пакување стакло и пластика, локалната полиција ја користеше како *„набљудувачки пункт“* за нивните снајперисти да внимаваат на заканите додека поранешниот претседател држеше говор на само околу 120-130 метри, тврдат изворите.

Според нив, во моментот на пукањето полицајците биле внатре во зградата, но не на нејзиниот покрив.

**Крукс** успеал непречено да се искачи на зградата пред да пука осумпати, ранувајќи го **Трамп** во увото, убивајќи еден учесник на митингот и ранувајќи уште двајца. Локалните медиуми објавија дека **Крукс** бил забележан во зградата околу половина час пред да отвори оган – при што еден од полицајците од округот *Бивер* дури и го фотографирал пред пукањето.

Извори за спроведување на законот рекоа дека не е јасно дали некој од локалните офицери – кои имаа задача да го обезбедуваат периметарот околу митингот – можеле да ги известат агентите на американската тајна служба за напаѓачот.

Весникот додава дека еден од полицајците се обидел да го пребара покривот неколку минути пред да започне пукањето, но се повлекол кога **Крукс** му вперил пушка.

Според портпаролот на американската тајна служба **Ентони Гуглиеми**, локалната полиција била задолжена за обезбедување на областа каде што се случило пукањето. Според изворите, полицијата го проверила местото и просториите пред почетокот на митингот на **Трамп**, но нивните полицајци за време на настанот не се качиле на покривот од страв да не се мешаат во работата на снајперистите на американската тајна служба.






# ЕДИ МАРФИ СЕ ОЖЕНИ СО АВСТРАЛИСКАТА МАНЕКЕНКА ПЕЈЏ БУЧЕР

Легендарниот актер Еди Марфи (63) и австралиската манекенка Пејџ Бучер (44) се венчаа по првата свршувачка во септември 2018 година, Двајцата ја делат и 8-годишната ќерка Изи Уна и 5-годишниот син Макс Чарлс.

Марфи и Бучер се венчаа во Ангвила, британска прекуморска територија на источниот дел на Карибите на мала приватна церемонија пред семејството и блиските пријатели. Ова е втор брак за Марфи и прв за Бучер.

Веста за нивната венчавка доаѓа помалку од еден месец откако Марфи и Бучер се појавија заедно за време на премиерата на „Полицаецот од Беверли Хилс: Аксел“ во Лос Анџелес на 20 јуни. На црвениот тепих се појавија со децата Бриа (34), Шејн Аудра (29) и Бела Захра (22) – која ја дели со поранешната сопруга Никол (56).

Во 2012 година, Марфи и Бучер почнаа да се забавуваат. Парот го дочека своето прво заедничко дете Изи, на 3 мај 2016 година. Потоа се роди и второ дете, Макс, на 30 ноември 2018 година, два месеци по свршувачката.

Еди Марфи познато е дека е татко на 10 деца, и ги има од предходните врски и Ерик (34), Кристијан (33), Мајлс Мичел (31), Зола Ајви (24) и Енџел Ајрис (17).

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

•Австралиско•Македонски•Неделник•

Edition No. 1823 Year 37 • Tuesday, 16 July 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL
335 High St Preston
03 9471 4556
03 9471 4559
mobile 0401 686 970

НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДИТЕТ: РЕФОРМА ПОРАДИ СЕ ПОГОЛЕМИТЕ ТРОШОЦИ

61 ИЗДАНИЕ НА „ГАЛИЧКАТА СВАДБА":
СЕ „ФРЛАА" ПУШКИ, СЕ ЌЕРДОСАА МЛАДИТЕ

НА МИТИНГОТ ВО ПЕНСИЛВАНИЈА:
ОБИД ЗА АТЕНТАТ ВРЗ ДОНАЛД ТРАМП

НАМЕСТО 1 МИЛИЈАРДА ЕВРА
УНГАРИЈА ЌЕ И ПОЗАЈМИ НА МАКЕДОНИЈА 500 МИЛИОНИ

СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА:
ДА СЕ ПОКРЕНЕ ДИСКУСИЈА ЗА ОТСЛУЖУВАЊЕ ВОЕН РОК ВРЗ ДОБРОВОЛНА ОСНОВА

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ
573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Шпанија стана апсолутен рекордер на ЕП!

Фудбалската репрезентација на Шпанија е нов шампион на Европа. Во големото финале во Берлин шпанските фудбалери ја продолжија доминацијата на стариот континент и со победата над Англија од 2:1 (0:0) по четврти пат се искачија на врвот на Европа, со што се апсолутни рекордери. Првиот гол го постигна Ник Вилијамс во 47. минута, потоа Палмер израмни за Англичаните во 73. минута, а во 87. минута Ојарзабал им ја донесе конечната победа на Шпанците.

Статистички, Шпанија беше и убедливо најдобриот тим на ова ЕП, сите натпревари ги реши со победа.

## Шестмина фудбалери со титула „најдобар стрелец на ЕП“

На ова ЕП за првпат титулата „најдобар стрелец“ беше доделена на повеќемина играчи. Се броеја само головите, без другата статистика (асистенции, картони...). Дури шест фудбалери ја понесоа оваа титула: Дани Олмо од Шпанија, Хари Кејн од Англија, Џамал Мусиала од Германија, Коди Гакпо од Холандија, Иван Шранц од Словачка, Георгес Микаутsе од Грузија.

За најдобар млад фудбалер беше прогласен Ламин Јамал од Шпанија, а МВП на шампионатот е избран Родри. Тој доби уште едно големо индивидуално признание откако претходно беше избран за најдобар во Лига на нации, Лигата на шампионите, Суперкуп на Европа и Светско клупско првенство.




## АРГЕНТИНА СТАНА ШАМПИОН НА АМЕРИКА, МЕСИ ГО ОСВОИ 45. ТРОФЕЈ ВО КАРИЕРАТА



Аргентинците ја победија Колумбија со 1:0 (по продолженија) во финалето на Копа Америка 2024 година. Најдобриот аргентински фудбалер Лионел Меси на теренот влезе во стартниот состав и беше заменет во 66. минута поради повреда. Триесет и седумгодишниот напаѓач на ова американско опрвенство постигна еден гол во пет натпревари на турнирот.

Ова е 16-та титула Копа Америка за Аргентина, која воедно е и актуелен светски шампион. Меси, пак, сега има 45 трофеи во професионалната кариера. Второто место го зазема поранешниот партнер на Аргентинецот во Барселона, Бразилецот Дани Алвеш, кој има 43 победи на турнирите.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 22 КОЛО

# Каролајн Спрингс Џорџ Крос – Престон Македонија 1:0



Разочарувачки резултат за Престон Македонија на гостувањето кај Џорџ Крос минатава сабота. На вечерниот натпревар резултатот долго време беше без голови до кобната 67 минута, кога Рики Хосаи една нафрлена топка во шеснаесетникот со глава ја испрати во мрежата на Ахмад Талеб за 1:0.

Горчлив е фактот што не се извлече подобар резултат и покрај тоа што домаќинот играше со играч помалку кога Даниел Кутиер доби црвен картон. Престон Македонија имаше свои моменти на средбата но Џорџ Крос заслужено на крајот славеше.

Сепак има утеха што Норткот Сити загуби со 3:1 од Мелбурн Сити и сега гол разликата е намалена на само еден гол и двете екипи се со изедначен број бодови.

Следниот натпревар Престон Македонија го игра во гости в сабота, на 26 јули, кај екипата на Вереби Сити со почеток во 20:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 45 |
| Норткот Сити | 41 |
| Престон Македонија | 41 |
| Вестерн Јунајтед | 40 |
| Лангварин | 34 |
| Булин | 32 |
| Мелбурн Сити | 31 |
| Бентли | 31 |
| Џорџ Крос | 26 |
| Кингстон Сити | 25 |
| Истерн Лајонс | 24 |
| Брансвик Сити | 23 |
| Вереби Сити | 16 |
| Норт Џилонг | 14 |

НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 22 КОЛО

# Сент Албанс Саинтс - Алтона Маџик Вардар 3:2



И покрај водството на Алтона Маџик Вардар во првиот дел Сент Албанс Динамо беше на крајот поуспешен и ги зеде сите три бодови. Само што започна средбата Даниел Фабризио во 11 минута ја затресе мрежата за водство на Вардар од 0:1. Десет минути подоцна Дарси Анастасовски зголеми на 0:2. Кога се очекуваше крај на првиот дел домаќинот преку Лука Кабраџа намали на 1:2.

Во второто полувреме во 50 минута Бриан Сумерски преку пенал донесе израмнување од 2:2. Едвај поминаа четиринаесет минути а Џозеф Монек го постави конечниот резултат за победа на домаќинот од 3:2.

Во петок, на 19 јули, Алтона Маџик Вардар повторно игра со хрватски клуб и гостува кај Мелбурн Најтс со почеток во 19:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 53 |
| Авондаел | 44 |
| Оакли Канонс | 44 |
| Хјум Сити | 43 |
| Хајделберг Јунајтед | 41 |
| Данденонг Сити | 31 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 30 |
| Мелбурн Најтс | 29 |
| Алтона Маџик Вардар | 27 |
| Данденонг Тандер | 25 |
| Грин Гали | 24 |
| Сент Албанс | 16 |
| Манингам Јунајтед | 15 |
| Мореланд Сити | 11 |



НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 24 КОЛО

# Рокдаел Илинден – Сиднеј Јунајтед 4:0



Гостите уште во првото полувреме беа прегазени и од моментот кога Лиам Мекгинг доби црвен картон немаше спас за нив. Само две минути по исклучувањето во 16` Брендан Чолакијан ја затресе мрежата за 1:0. Следеа головите на Со Катаока 25°, и Алекс Урошевски во 29` и 31 минута за конечните 4:0.

После тоа Рокдаел Илинден беше задоволен со постигнатото и милостив кон Сиднеј Јунајтед кој може да биде задоволен што не прими повеќе голови.

Рокдаел Илинден има навистина одлична сезона, самоуверено седи на врвот на табелата. Со 24 натпревари, тимот собра 59 поени, обезбедувајќи 19 победи со само три порази. Рокдаел Илинден е веќе девет поени пред нивниот најблизок ривал, Маркони Сталионс.

Во недела, на 21 јули, Рокдаел Илинден гостува кај Сиднеј Олимпик со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 59 |
| Маркони | 50 |
| АПИА Леикард | 47 |
| Блектаун Сити | 44 |
| Сиднеј Јунајтед | 40 |
| Волонгонг Вулвс | 37 |
| Сент Џорџ Сити | 36 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 32 |
| Сиднеј Олимпик | 32 |
| Манли Јунајтед | 29 |
| НЈВ Спирит | 27 |
| Сент Џорџ Сеинтс | 23 |
| Сатерланд Шаркс | 21 |
| Централ Кост Маринерс | 21 |
| Хилс Јунајтед | 21 |
| Сиднеј | 21 |

ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 24 КОЛО

# Ридалмер Лајонс – Сиднеј Македонија 1:1

Нерешен резултат беше исход од гостувањето кај Ридалмер минатава сабота. Првиот гол за водство на нашиот клуб го постави Владо Шупут во 45 минута. Водството на Сиднеј Македонија траеше до 54 минута кога Роберт Еремуго го постави конечниот резултат за 1:1.

На оваа средба за прв пат настапи во првиот тим и Андреј Пољчиќ кој долги години беше во јуниорските тимови на Сиднеј Македонија.

Во сабота, на 20 јули, Сиднеј Македонија игра локално дерби со Кантербури Бенкстаон со почлеток во 17 часот.



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Булс Академи | 58 |
| Маунт Друит Таун | 57 |
| Хакоа Сиднеј | 51 |
| Сиднеј Македонија | 44 |
| СД Раидерс | 38 |
| Блектаун Спартанс | 38 |
| Нордерн Тајгерс | 36 |
| НЈВ Универзитет | 34 |
| Бонириг Вајт Иглс | 31 |
| Интер Лајонс | 29 |
| Кантербури Бенкстаун | 29 |
| Ридалмер Лајонс | 21 |
| Макартур Рамс | 19 |
| Дулвич Хил | 16 |
| Дунбар Роверс | 13 |
| Непеан | 12 |




# СПОРТ

Australian Macedonian TODAY 22 Австралиско Македонски денес
ISSN 1442-195X

# САД ПОКАЖА СЛАБОСТ: ВОДЕА СО 24 РАЗЛИКА, А МАЛКУ ФАЛЕШЕ ДА ЗАГУБАТ ОД АВСТРАЛИЈА




Американската кошаркарска репрезентација славеше со 98:92 во контролен меч против селекцијата на Австралија на турнирот во Абу Даби. На почетокот од дуелот беше израмнето (19:19), а потоа следуваше серија на Американците од 16:2 и првпат имаа двоцифрена предност (35:21).

Во продолжение на дуелот, Американците постојано имаа двоцифрена предност, а во еден момент предноста изнесуваше 24 поени (65:41). Сепак, потоа Американците се опуштија, па при резултат 86:70, Австралија со низа од 10:0 стигна на достижни шест поени негатива на четири минути пред крајот.

Негативата стигна и до четири поени (94:90), но Австралија немаше сили за комплетен пресврт и на крајот Американците се радуваа. Во таборот на селекторот Стив Кер, прв стрелец беше Ентони Дејвис со 17 поени, Девин Купер додаде 16, а Ентони Едвардс застана на 14 поени. По 10 поени постигнаа Леброн Џејмс, Бам Адебајо и Џоел Ембид.

На овој турнир учествуваше и селекцијата на Србија, која загуби против Австралија со 73:84, САД и Србија ќе бидат во иста група на Олимписките игри во Париз, кои започнуваат за помалку од 7 дена.

